РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1229/5
07-02-2024 г/v. (2022)

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 100-тата седница одржана на 06.02.2024 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Постапката по предметот со број 12-2374/1 од 01.07.2021 година, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека во случајот со утврдената фактичка состојба не е констатирана повреда на Закон.

Предметот со број 12-2374/1 од 01.07.2021 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, по донесен заклучок на колегиум на ДКСК одржан на 31.05.2022 година, ДКСК оформи предмет со број 12-2374/1 од 01.07.2021 година, по сопствена иницијатива – по објавени наводи во медиумите, за незаконитости при спроведена постапка за јавна набавка на електрична опрема – машини за перење за потребите на ЈОУДГ ///. Според наводите изнесени во јавноста, градинката во мај 2021 година набавила две машини за перење во износ од 25.515 евра, преку поедноставена отворена постапка и без електронска аукција.

Во врска со набавката во јавноста се изнесени два аспекта од кои произлегува сомневањето за незаконитости: дека исти такви машини кои постојат на пазарот може да се најдат за 10.000 евра помалку, и дека во постапката како најповолен бил избран понудувач што понудил повисока цена.

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба, ДКСК достави барања за прибирање податоци и информации до ЈОУДГ /// и до Бирото за јавни набавки.

Од увидот во податоците, информациите и документацијата доставени на барање на ДКСК утврдена е следната фактичка состојба:

Потребата на градинката за набавка на индустриски машини произлегла од потребата за одржување на хигиената во 5 објекти на градинката во кои во моментот биле запишани 804 деца, во услови на дотраеност на индустриските машини кои биле во

употреба, а кои биле стари 40 години, поради што често се расипувале и веќе не било можно да се употребуваат.

Средства за набавка на индустриски машини за перење биле одвоени и со Годишниот план за јавни набавки од 2020 година, во износ од 1,200.000 денари, но постапка за јавна набавка на машини за перење за потребите на градинката тогаш не била спроведена согласно владина одлука донесена во врска со справувањето со кризата предизвикана од Ковид-19, со која одлука било наложено воздржување од трошење за набавка на таков вид на опрема.

За набавка на електричната опрема во Годишниот план за 2021 година биле предвидени 850.000 денари, но бидејќи износот бил мал, била извршена пренамена на средства во износ од 500.000 денари, првично наменети за реализација на семинар кој не бил реализиран, за што биле донесени одлуки од надлежни тела (Управен одбор, Совет).

Во отворена постапка по јавен оглас со број /// од 20.04.2021 година спроведена врз основа на Одлука за јавна набавка на електрична опрема од 16.04.2021 година со која била формирана и Комисија за јавна набавка, биле поднесени понуди од страна на два економски оператора.

По извршена извршена евалуација на доставените понуди од страна на Комисијата за јавни набавки, била избрана понудата на економскиот оператор ///, која содржела понудена цена во износ од 1,329.800 денари, којашто за износ од 29.800 денари ја надминувала проценетата вредност на набавката од 1,300.000 денари. Вториот економски оператор доставил понуда која содржела понудена цена во износ од 1,100.000 денари, но истиот немал доставено комплетна документација согласно барањето во тендерската документација, иако во текот на постапката Комисијата за јавни набавки од овој оператор побарала да ја прикачи и документација којашто недостасувала, за да може да се продолжи со евалуација на неговата понуда. Со оглед на тоа што овој економски оператор не ја комплетирал документацијата, неговата понуда била отфрлена како неприфатлива, а избран бил другиот оператор, при што согласно членот 77 став 5 од Законот за јавни набавки, директорот на ЈОУДГ /// донел Одлука за обезбедување на дополнителни средства во износ од 29.800 денари број /// од 12.05.2021 година, по што со избраниот оператор /// бил склучен Договор број /// од 18.05.2021 година, за јавна набавка на стоки – електрична опрема за детска градинка, со износ од 1,329.800 денари, за што другиот оператор бил соодветно известен.

Во однос на наводите за високата цена на чинење на набавената стока, во текот на постапувањето по предметот беше констатирано дека во рамки на постапката за јавна набавка не била извршена анализа на пазарот. Сепак, ДКСК има предвид дека иако за вршење анализа на пазарот при спроведување на постапки за јавни набавки се дадени препораки од страна на надлежни органи, со одредбите од Законот за јавните набавки не е пропишана таква обврска, поради што не постојат услови да се иницира утврдување на одговорност врз таа основа.

Од горенаведеното, ДКСК утврди дека во случајот со утврдената фактичка состојба не е констатирана повреда на Закон и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изработил: А.Р.М.
Одобрил: С.П.Д., член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk